ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Јавно комунално претпријатие Комуналец Свети Николе

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
-водоснабдителниот систем регистрира 38% загуба на вода;
-склучени се договори за извршените услуги само со 57% од корисниците на услугите на ЈКП
-проценувањето на билансните позиции не е во согласност со МСС
-во трговските книги евидентирани се објекти и земјиште за кои не се обезбедени документи за сопственост

**Издадено мислење/заклучок*:**

Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
-да се продолжат активностите за склучување договори со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со корисниците на услугите;
-отстранување на факторите кои придонесуваат за загуба на водата

**Клучни системски слабости:**

/

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Од страна на овластеното лице на ЈКП Комуналец Свети Николе добиени се забелешки број 0306-120 од 02.03.2023 година на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките се разгледани при што една забелешка делумно се прифаќа, три не се прифаќаат, а останатите преставуваат известување и образложение за констатираните состојби и преземени мерки или мерки кои ќе бидат преземени во иднина

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk